**20121102855**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 69 став (3) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12) министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА НАПЛАТА НА ГЛОБАТА ВО МАНДАТНА ПОСТАПКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за наплата на глобата во мандатна постапка по прекршоци од областа на управувањето со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

Член 2

Поканата за наплата на глоба во мандатна постапка по прекршоци од областа на управувањето со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, се издава на образец во А5 формат и се состои од пет идентични примероци изработени од тенка индиго хартија во бела боја, на која податоците се испишани со црни букви.

Член 3

(1) Поканата од член 2 на овој правилник која ја издава овластениот инспектор за животна средина, односно комуналниот инспектор на општината, на општината во Градот Скопје и на Градот Скопје, ги содржи следните елементи:

1. Грб на Република Македонија;
2. Место предвидено за името на општината;
3. Рубрика за архивскиот број;
4. Место предвидено за серискиот број;
5. Правниот основ за издавање на поканата за наплата на глоба за сторениот прекршок;
6. Рубрика „1. Податоци за сторениот прекршок“ која содржи:

- „Ден“;
- „Час“;
- „Место на сторување“;
- „Опис на прекршокот“;
- „Член од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема со кој е предвиден прекршокот“;
- „Глоба предвидена за прекршокот“.

7. Рубрика „2.Податоци за сторителот на прекршокот“ која содржи:

- „Име и презиме“;
- „ЕМБГ“;
- „л.к. бр.“;
- „СВР“;
- „Адреса на живеење (улица, број, место, општина)“;

8. Напомена за обврската за плаќање на глобата за сторениот прекршок;
9. Правна поука;
10. Место за печат и
11. Потпис на сторителот на прекршокот и овластениот инспектор за животна средина, односно комуналниот инспектор на општината, на општината во Градот Скопје и на Градот Скопје.

(2) Образецот на поканата од став (1) на овој член е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Бр. 07-2472/3
27 август 2012 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

Прилог

Република Македонија
Општина_________________
Бр.__________од ______20__ год.

Сериски бр.

Врз основа на член 48 од Законот за прекршоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/06, 69/06 и 51/11") и член 69 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12), се издава

**ПОКАНА**
**за наплата на глоба**

**1. Податоци за сторениот прекршок**
Ден ________________ час ___________ Место на сторување ______________________________
Опис на прекршокот ______________________________________________
______________________________________________
Член од законот според кој е предвиден прекршокот ______________________________
Глоба предвидена за прекршокот ________ Евра во ден. Противвредност* ________________
**2. Податоци за сторителот на прекршокот**
Име и презиме ______________________________________________
ЕМБГ ____________________________ л.к. бр. ________________ СВР ________________
Адреса на живеење ______________________________________________
Вработен во ______________________________________________
______________________________________________
Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата на следната уплатна сметка 840 *** 05262 приходна шифра 722124 програма 00 __________ со повикување на бр 70** ________________
**(се става бројот на платниот налог)** и оригинал од налогот за јавни приходи да достави на адреса ________________

**ПРАВНА ПОУКА:**
3. Физичкото лице од точка 2 треба да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на поканата за наплата на глоба.
4. Доколку глобата се плати во рок предвиден од точка 3 од оваа покана за наплата на глоба физичкото лице не ги плаќа трошоците во постапката.
5. Доколку во рок од осум дена од денот на потпишување на поканата за наплата на глоба физичкото лице од точка 2 не ја плати глобата службеното лице против лицето од точка 2 е должен да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија при Министерството за животна средина и просторно планирање.
6. Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на поканата за наплата на глоба се согласува да ја плати глобата.
7.Сторителот кој со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата. За платената глоба се издава потврда.

Име и презиме на службеното лице
______________________________
Потпис
______________________________
Место и датум на издавање на ПН
______________, ________ 20__ г.

М.П.

Име и презиме на сторителот на прекршокот
______________________________
Потпис
______________________________
Датум на прием на ПН

*според средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на изрекувањето на глобата;
** карактеристичен број за Законот за управување електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема;
*** се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија објавен во Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи („Службен Весник на Република Македонија" бр.114/09, 153/09, 43/10 и 185/11).